Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 236/22 и 134/24), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и за разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 јули 2024 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одбивање на приговор**

1. Приговорот на Омер Џемали со бр. УП2-09-315/24 од 5 јули 2024 година против Решението со кое се одбива барањето за времено исклучување на посебен дел од објектот од системот за централно греење бр.03-1992/3 од 11.06.2024 година, од ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ, СЕ ОДБИВА.

2. Решението со кое се одбива барањето за времено исклучување на посебен дел од објектот од системот за централно греење бр. 03-1992/3 од 11.06.2024 година, од ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ, СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Омер Џемали, до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), поднесе приговор бр. УП2-09-315/24 од 5 јули 2024 година против Решението со кое се одбива барањето за времено исклучување на посебен дел од објектот од системот за централно греење бр. 03-1992/3 од 11.06.2024 година, од ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ.

Именуваниот поднел Барање до ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ за времено исклучување за стан на бул. Партизански Одреди, бр. 137-1/31. Кон барањето не приложил Изјава за времено некористење на посебниот дел од објектот.

Постапувајќи по барањето, ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ како првостепен орган во постапката донел Решение со кое се одбива барањето за времено исклучување на посебен дел од објектот од системот за централно греење бр. 03-1992/3 од 11.06.2024 година.

Незадоволен од Решението со кое се одбива барањето за времено исклучување на посебен дел од објектот од системот за централно греење бр. 03-1992/3 од 11.06.2024 година на ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ, именуваниот поднесе приговор до Регулаторната комисија за енергетика.

На 09 јули 2024 година беше одржана седница на Комисија за постапување по приговори и разрешување на спорови од областа на природен гас, топлинска енергија и течни горива. На седницата се изврши увид во приложените докази од страна на подносителот на приговорот и страната против која е поднесен приговорот, и тоа:

- Решение со кое се одбива барањето за времено исклучување на посебен дел од објектот од системот за централно греење бр. 03-1992/3 од 11.06.2024 година на ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ,
- Известување од страна на Омер Џемали од 30.05.2024 година.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на приговорот утврди дека истиот не е основан.

Согласно член 54 став (3) од Правилата за снабдување со топлинска енергија („Службен весник на Република Македонија" бр.65/19, 162/19, 233/20, 312/20 и 38/22), поединечно времено исклучување на посебен дел од објектот без обврската за исполнување на условите од став (1) на овој член се врши и по барање на сопственикот/ потрошувачот на посебниот дел од објектот.

Согласно член 54 став (4) од Правилата за снабдување со топлинска енергија, кон барањето од став (3) на овој член сопственикот/ потрошувачот доставува изјава за времено некористење на посебниот дел од објектот.

Согласно член 54 став (5) од Правилата за снабдување со топлинска енергија, изјавата за времено некористење на посебниот дел од објектот се поднесува до Снабдувачот и истата задолжително треба да содржи податоци за временскиот период во грејна сезона за која посебниот дел од објектот нема да се користи, како и причина/и по основ на која посебниот дел од објектот нема да се користи.

Согласно член 54 став (12) од Правилата за снабдување со топлинска енергија, против решенијата донесени согласно ставовите (6) и (10) од овој член сопственикот има право да поднесе приговор до Регулаторната комисија за енергетика.

При направениот увид во приложените докази, од страна на Комисијата за постапување по приговори и разрешување на спорови од областа на природен гас, топлинска енергија и течни горива беше констатирано дека подносителот на приговорот кон барањето не приложил Изјава за времено некористење на посебниот дел од објектот, која претставува задолжителен прилог кон Барањето за поединечно времено исклучување на посебен дел од објектот.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

**УП2 09-315/24**
**15 јули 2023 година**